Општина Гази Баба
ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ДЕКЕМВРИ 2010 - БРОЈ 16

# Среќни новогодишни и Божиќни празници



ПИВАРА СКОПЈЕ
Најдоброто од Македонија
1924

БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА
**0800-42222**
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

www.gazibaba.gov.mk

# Зимско одржување низ Општината

Со паѓањето на првите снегови, фирмите ангажирани за зимско одржување во општина Гази Баба, "Река Интернационал" - Скопје, "Изолација" - Скопје, "Билдинг" - Скопје и стручните служби од општината, излегоа на терен за расчистување на снежните наноси и за посипување на сол по општинските улици.



Комуналната инспекција апелира до сите правни субјекти и физички лица, доколку има нови врнежи од снег, да ги исчистат влезовите пред своите објекти и домови.




## *Гази Баба на хуманитарна Манифестација на Центар*

Општина Гази Баба и Организација на жените Гази Баба, учествуваа на Деновите на општина Центар, наречени "Меѓународни креативни денови", каде ги презентираа своите домашно подготвени прехрамбени производи.

Средствата од продадените производи беа наменети за хуманитарни цели, односно за децата болни од рак и леукемија.

## *Донација на играчки во градинките*

Градоначалникот Тони Трајковски, во пресрет на новогодишните празници ги израдува најмалите жители на општината кои престојуваат во детските градинки "Детска радост" и "25 Мај", со нови играчки и помагала.

Имено, општината донираше играчки и дубалца за потребите на градинките, со што се збогати фондот на играчки, а и дублцата многу ќе помогнат во најмалата група - јасли.

# *Санација на свлечиштe во Раштак*

Општина Гази Баба го санира свлечиштето, направено на патот во населеното место Раштак.

Потпорниот зид е со вкупна должина од 30 метри, а висина до 3,80 метри.

Средствата кои општина Гази Баба ги одвои за оваа активност, изнесуваат 560.000,00 денари.







# Средба со делегација од Дижон

Во областа на урбаниот одржлив развој, граѓанското учество и социјалната кохезија, културата, образованието и меѓународната отвореност, градот Дижон од Р Франција имплементира заедничка програма со градот Скопје (2010 - 2012), поддржана од страна на Министерството за надворешни и европски работи на Р. Франција. За таа цел, делегација од градот Дижон имаше ра-



ботна средба со градоначалникот Тони Трајковски, како претседател на Скопскиот плански регион и со раководителот на Скопскиот плански регион Анета Лозаноска.

На средбата од страна на гостите беше претставена структурата на регионалниот развој во Р. Франција и надлежностите кои ги извршуваат институциите во делот на урбаниот развој и просторното планирање, додека градоначалникот Тони Трајковски ги презентираше приоритетните развојни планови на Скопскиот регион во делот на просторното планирање, урбанизмот, животната средина и управувањето со отпад.

Раководителот на Центарот за развој ги презентираше структурите на регионалниот развој во Република Македонија, како и одговорностите и задачите на Центарот за развој, како имплементатор на Програмата за развој на Скопскиот плански регион.

На крајот на средбата се заклучи дека е потребна размена на искуство на Скопскиот плански регион во делот на регионалниот развој и искористувањето на фондовите од ЕУ со други региони во Европа, како и поддршка на програмата за соработка помеѓу градот Дижон и градот Скопје.

# КРАЈ НА ГОДИНА - СУМИРАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ И ПЛАНОВИ ЗА СЛЕДНАТА

Почитувани сограѓани жители на општина Гази Баба

Ова е новогодишниот број на општинскиот весник преку кој постојано Ве информираме за нашите тековни активности и плановите за во иднина.

Изминува календарската 2010 год. во која реализиравме голем број на проекти и заеднички решивме многу проблеми. Сепак и во наредната 2011 година не очекуваат многу предизвици и решавање на многу проблеми почнувајќи од обезбедување на основни услови за нормално живеење, пред се снабдување со квалитетна вода за пиење, одведување на фекалната и атмосферската вода, подобрување на комуналната чистота и заштита на животната средина, овозможување на услови за привлекување на нови инвестиции, а со тоа и отварање на нови работни места, подобрување на патната и сообраќајната инфраструктура, подобрување на условите во основните училишта и градинките, подобро улично осветлување и воведување на енергетски ефикасни светилки, зајакнување на капацитетите на нашето јавно претпријатие кое е вистински сервис на граѓаните, негување на традицијата и културата и давање на поддршка на спортот и спортските активности во нашата Општина.

Ова е период кога меѓу нас владее поголема позитивна енергија и посветуваме поголемо внимание на семејството и пријателите, а воедно и ја покажуваме нашата хуманост кон сите оние на кои им е потребна. Ова е и период кога се прават сите анализи за нашите изминати активности и плановите за наредната година.

Го донесовме буџетот за 2011 година и ги усвоивме програмите за реализација на истиот. Според планираното и според неколкуте поголеми инвестиции кои во моментов се реализират на нашата територи-



**Тони ТРАЈКОВСКИ**
Градоначалник на Општина Гази Баба

ја, можам да Ви најавам дека наредната година ќе биде многу поуспешна во однос на оваа, со реализација на голем број проекти во сите области и во сите населени места.

Во новата 2011 година Ви посакувам многу здравје, среќа, успех и радост во семејството и Ве повикувам заеднички да учествуваме во развојот на нашата Општина.

Среќна Нова Година и среќни божиќни празници.

Тони Трајковски

Градоначалник на општина Гази Баба



# Нови паркинг простори

Во н. Триангла на улиците "Карл Хрон" и "Анри Барбис", направени се нови паркинг простори со вкупна површина од 1150 м², од кои едниот е од 650 м², а другиот од 500 м². Инвеститор на работите е општина Гази Баба, која за овие активности издвои 1.950.000,00 денари. Изведувач на работите се фирмите Бауер БГ и Чингар Инженеринг.











# Посета на н.м. Јурумлери

По Програмата за Подршка на имплементација на декадата и стратегијата за ромите, Владата на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски и доделија 500.000,00 денари на општина Гази Баба за изградба на инфраструктурни објекти, кои општината ги употреби за изградба на фекална канализација во населено место Јурумлери, поточно на улица 12 каде што живее ромско население.

Градоначалникот Тони Трајковски и министерот без ресор Неждат Мустафа имаа кратка работна средба во кабинетот на градоначалникот, а потоа го посетија населеното место Јурумлери, каде што разговараа со жителите за завршените активности и активностите кои треба да се реализираат на оваа улица во иднина.







# Награди за литературни и ликовни творби

Градоначалникот Тони Трајковски, по повод Денот на општината додели награди на децата од Градинките "Детска Радост" и "25 Мај" за најубава ликовна творба.

**Наградени беа:**

Стоименова Ивана, Китановска Ивана, Стојанов Стефан, Јовановиќ Ања, Петковски Виктор, Џиѓерова Александра, Џиѓерова Андреа, Поповска Андријана, Митревска Лина, Ѓорѓиев Андреј и Горин Лука.

Исто така, додели награди на учениците од основните училишта за најубава ликовна и литературна творба и на учениците кои освоиле први места на државни натпреварувања.

Наградени ликовни творби на конкурсот, објавен во основните училишта по повод Денот на општината:

1 место - **Поповски Дени** - Н.Н. Борче

2 место - **Цветковска Симона** - ОУ Дане Крапчев

3 место - **Славковска Симона** - ОУ Крсте Мисирков

Наградени литературни творби на конкурсот, објавен во основните училишта по повод Денот на општината:

1 место - **Спасовска Магдалена** - ОУ Наум Охридски

2 место - **Јосифовска Јана** - ОУ Крсте Мисирков

3 место - **Доневска Александра** - ОУ Вера Јоциќ

Ученици кои освоиле први места на државни натпревари

**Николовска Марија** - ОУ Крсте Мисирков - атлетика

**Крстевски Владимир** - ОУ Крсте Мисирков - атлетика

**Тошевски Мартин** - ОУ Вера Јоциќ - географија



# Презентација на Проект за превенција од трговија со деца





Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во соработка со Општина Гази Баба, го реализираат Проектот за превенција од трговија со деца.

За оваа цел, во просториите на општината, во присуство на претставници од Министерството за внатрешни работи, од ОБСЕ, СВР Скопје, Полициската станица Гази Баба, членовите на Локалниот совет за превенција и директорите на основните училишта на територија на Гази Баба, се одржа презентација на Проектот.

За значението и потребата од изготвување и имплементирање на овој Проект, зборуваше Министерот за внатрешни работи, Г-ѓа Гордана Јанкуловска. Во своето излагање, таа ја истакна важноста на едукацијата на младата популација во препознавањето на опасностите, а со тоа и зголемувањето на личната безбедност.

Пред присутните се обрати и Градоначалникот Тони Трајковски, кој зборуваше за Проектите кои досега успешно се реализирани во соработка со Министерството за внатрешни работи, а го нагласи значението на Проектот за превенција од трговија со деца во сите сегменти од нивното живеење.

Тој ја истакна потребата од едукација на децата по училиштата, едукација во семејствата и пошироко.

Свое обраќање имаше и заменик шефот на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, Г-ѓа Наталија Грост, која ја истакна досегашната соработка и подршка на Проектите од ваков вид и подршката која ќе следи и во иднина.

На крајот, Г-ѓа Розалита Дојчиновска од Министерството за внатрешни работи го презентираше Проектот за превенција од трговија со деца, кој се работи со децата во училиштата, во Центарот за деца на улица и со родителите, се со цел повеќе деца да бидат вклучени во образовниот систем и да имаме повеќе насмеани детски лица околу себе.



# Проект за превенција од трговија со деца

Во ОУ Дане Крапчев се одржа завршната манифестација од преоктот за превенција од трговија со деца, каде присуствуваа претстав-



ници од општина Гази Баба, Министерството за внатрешни работи, ОБСЕ, СВР Скопје, Полициската станица Гази Баба, членовите на Локалниот совет за превенција и директорите на основните училишта на територија на Гази Баба.

Учениците од училиштето со своите наставници изведоа кратка програма пред присутните.

Беа доделени и наградите за најдобри ликовни творби на оваа тема, насликани од страна на учениците од 6 одделение од ОУ Дане Крапчев.



















# Трибина за семејно насилство

По повод Националната кампања за превенција од семејното насилство, "ЈАС ИМАМ ХРАБРОСТ И СИЛА ДА МУ КАЖАМ НЕ НА НАСИЛСТВОТО - МОЖЕШ И ТИ", во општина Гази Баба се одржа трибина на тема "Семејно насилство".

Градоначалникот Тони Трајковски ги поздрави присутните и зборуваше за успешната соработка со Кризниот Центар "Надеж", а исто така ја истакна важноста на кампањата за превенција од семејното насилство.

За Националната стратегија за заштита од семејно насилство зборуваше Душко Миновски - Советник во Министерство за труд и социјална политика, а свое излагање имаше и претставник од Кризен Центар "Надеж" Верка Угриновска.



# Свечена седница

По повод 34 години од конституирањето на општина Гази Баба, во Бизнис салата на Скопскиот Саем, се одржа свечена седница, која ја отвори претседателот на Советот Милан Андоновски.




За почетоците, развојот, реализираните проекти и зацртаните планови за развој на општината, говореше градоначалникот Тони Трајковски.

За успешна соработка и афирмација на општината во изминатата година, претседателот на Советот и градоначалникот доделија плакети на фирмите Л-НИК, Римес и Кенди, на Боксерски клуб "Скопје", спортскиот клуб за мал фудбал "Железарец", ПСУ "Јахја Кемал" и ДУЦОР "Партенија Зографски".

На свечената седница беше промовирана и новата WEB страна на општина Гази Баба.








# за Денот на општината






















# Квиз по Противпожарна заштита во Гази Баба







Општинаскиот Сојуз за противпожарна заштита, под покровителство на општина Гази Баба, го организира квизот по противпожарна заштита за основните и средните училишта од подрачјето на општина Гази Баба.

Квизот се одржа во ОУ Григор Прличев, а го отвори градоначалникот Тони Трајковски, кој во обраќањето кон натпреварувачите и гостите, го истакна значението на противпожарната заштита во спречување и намалување на штетите од пожари.

Натпреварите се одвиваа во две категории, кадети - за учениците до седмо одделение од основните училишта и јуниори - за учениците од осмо одделение и учениците од средните училишта.

По завршувањето на натпреварувањето, награди освоија:

**- кадети**

Прво место
**ОУ Н.Н. Борче**
Второ место
**ОУ Његош**
Трето место
**ОУ Вера Јоциќ**

**- јуниори**

Прво место
**ОУ Његош**
Второ место
**ОУ Наум Охридски**
Трето место
**АСУЦ Боро Петрушевски**





# ЗАСАДИ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА



По повод акцијата Ден на дрвото "Засади ја својата иднина", градоначалникот Тони Трајковски заедно со генералниот директор Александар Лагуткин, во кругот на фирмата "Скопски легури" засадија дрвца.

Исто така, дрвца засадија со генералниот директор на АрчелорМитал, Акшаја Саксена, во парк шумата Гази Баба. Цел на овие активност е заедничката грижа на општината и фирмите кои работат на нејзина територија, заштитата на животната средина, преку оплеменувањето на празните површини, чии благодети ќе ги почувствуваме и ние и нашите идни генерации.

АрчелорМитал на општина Гази Баба за Денот на дрвото и подарија 100 дрвца, кои беа засадени на територијата на општината.

На локацијата кај с. 'Ржаничино вработените во Општината и ЈКП "Гази Баба 2007" активно се вклучија во акцијата "Засади ја својата иднина".












# Концерт на Ансамбл "Јонче Христовски"

По повод Денот на општината во Домот на АРМ, концерт одржаа Ансамблот за народни песни и игри "Јонче Христовски", како домаќин и АКУД "Мирче Ацев" како гости.

Градоначалникот Тони Трајковски ги поздрави присутните и воедно им ја честиташе годишнината од формирањето на општините Карпош и Центар, кои се прославуваат во ист ден со општина Гази Баба, 3-ти ноември.

Двете културно уметнички друштва изведоа ора од сите краеви на Македонија.





# Гази Баба на ЕКО ЕТНО МАКЕДОНИЈА 2010

Општина Гази Баба учествуваше на ЕКО ЕТНО Македонија, кој се одржа во рамките на Агроиндустрискиот саем АГРОФУД 2010.

Целта на општината беше да ги претстави производителите на земјоделски производи од својата територија, односно да им даде можност да ги презентираат производите пред пошироката јавност, да направат традиционални јадења, да ги покажат обичаите и фолклорот.

Со свои производи на штандот на општината се претставија земјоделските здруженија "Зелена долина" од н.м. Јурумлери и "Каварџик" од н.м. Стајковци. На свеченото отварање настапи Ансамблот за народни песни и ора "Јонче Христовски".





# Крводарителна акција

Во рамките на активностите по повод Денот на општината, во просториите на општината се одржа крводарителна акција.

Акцијата беше спроведена во соработка со општинската организација на црвениот крст Гази Баба и Заводот за трансфузиологија.



ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" – Скопје
16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје, п. фах 734, Р. Македонија

АД ЕЛЕМ, ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА, НА СВОИТЕ ЦЕНЕТИ КОРИСНИЦИ ИМ ЈА ЧЕСТИТА НОВАТА 2011 ГОДИНА И БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ СО ИСКРЕНИ ЖЕЛБИ ЗА ПОДОБРО ЗДРАВЈЕ, СРЕЌА И УСПЕХ. ИСТОТАКА НА СВОИТЕ ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРИ ИМ ПОСАКУВА ДОЛГОТРАЈНА СОРАБОТКА И ОСТВАРУВАЊЕ НА БИЗНИС ПЛАНОВИТЕ.

ЕНЕРГЕТИКА, ВАШ ПРИЈАТЕЛ ВО СТУДЕНИТЕ ДЕНОВИ!

ТЕЛЕФОНИ ЗА КОНТАКТ:
КОМЕРЦИЈА 3 104 871;
3 104 872.

тел.: + 389 (0) 2 32 87 774, + 389 (0) 2 32 87 700, факс: + 389 (0) 2 32 87 776; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk




# Донесен Буџетот на Општината за 2011

На дваесет и шестата седница на Советот на општина Гази Баба, членовите на Советот ги донесоа Програмите за работа на стручните служби и Буџетот за 2011 година.








| Членови на Советот на општина Гази Баба | |
|---|---|
| Милан Андоновски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Ацо Петрушев | ВМРО-ДПМНЕ |
| Кираца Тутевска | ВМРО-ДПМНЕ |
| Бобан Стефковски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Александар Каровски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Аница Пупиноска | СПМ |
| Зоран Костовски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Јорданчо Тодосиев | ВМРО-ДПМНЕ |
| Суза Николовска | ВМРО-ДПМНЕ |
| Дејан Тимовски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Марјан Крстевски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Јадранка Антевска | ВМРО-ДПМНЕ |
| Кирил Псалтиров | ВМРО-ДПМНЕ |
| Николај Чифутов | ВМРО-ДПМНЕ |
| Ѓулсефа Кур-теши | Сојуз на Ромите на Македонија |
| Борис Георгиевски | СДСМ |
| Катерина Силјановска | СДСМ |
| Зоран Каранџуловски | СДСМ |
| Марјан Јаневски | СДСМ |
| Соња Глинчарска | СДСМ |
| Бобан Добревски | СДСМ |
| Зоран Јовевски | ВМРО-НП |
| Соња Каранџуловска | ВМРО-НП |
| Сашо Начовски | ВМРО-НП |
| Бурхан Садики | Нова Демократија |
| Мифтар Кадри | ДУИ |
| Горан Стојменовиќ | ВМРО-НП и ТМОРО-ВЕП |



Плоштад на Општина Гази Баба

## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| Цела страница | 200 евра |
| Половина страница | 125 евра |
| Третина страница | 90 евра |
| Четвртина страница | 70 евра |
| Осмина страница | 40 евра |
| Лого на насловна страница | 500 евра |
| Последна страница | 400 евра |
| Еден см² | 1 евра |
| Инсертирање флаер | 1.000 евра |

(Цените се без вклучен ДДВ)

Весникот ОГБ се печати на 32 колорни страници со формат А4. Излегува еднаш на три месеци во тираж од 25.000 примероци. Рекламите се доставуваат во TIFF формат и резолуција од 300 dpi. За изнајмување рекламен простор однапред за неколку броеви следува попуст. (За 6 месеци 15% и за 12 месеци 20%)

Општина Гази Баба

Главен и одговорен уредник: Емилија Кипровска

Компјутерска обработка и дизајн: Дејан Стојанов

Печати: Европа 92

Тел: 02/ 3 22 66 55; 3 22 28 76; 3 23 89 66;